РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 07-16941/1
21-10-2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 10 став 2 алинеја 2 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09 и 158/10), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛА
## за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци

### Член 1

Со овие правила се пропишува начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци предмет на обработката на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: “Контролорот“) .

### Член 2

Контролорот врши редовно снимање на сигурносна копија и архивирање на податоците во системот на начин со кој се гарантира постојана можност за реконструирање на личните податоци во состојба во која биле пред да бидат изгубени или уништени.

За да се спречи губење или уништување на личните податоци се користи сервер за подршка во кој еднаш дневно, на крајот од работната седмица и во последниот работен ден во месецот се креира резервна копија на внесените податоци, така што во случај на пад на компјутерскиот систем или негово оштетување од каква било причина, сите податоци останууваат сочувани на серверот.

Податоците во резервната копија се енкриптираат пред да се префрлат во серверот.

Администраторот на информацискиот систем еднаш неделно задолжително ја проверува функционалноста на сигурносните копии од став 1 на овој член за што писмено го известува офицерот за заштита на личните податоци и министерот за образование и наука.

### Член 3

Заради заштита од неовластен пристап, серверот за резервна копија, е сместен во безбеден простор, заштитен со брава, до кој има пристап само администраторот кај Контролорот, а податоците во него се во шифрирана форма.

### Член 4

Контролорот ќе врши дневна контрола на сигуроносната копија која автоматски се генерира на data-base server-ите од тврд диск на магнетна трака.

### Член 5

Контролорот е должен еднаш месечно да прави дополнителна сигуроносна копија на податоците од серверот за резервна копија на преносен мемориски уред (се употребува преносен хард-диск поради брзината, капацитетот и доверливоста). Вака направената сигурносна копија подлежи на физичка и шифрирана заштита, со што се оневозможува каква било модификација на содржината на истата. По извршеното копирање сигурносната копија се носи на алтернативната безбедносна локација која се наоѓа надвор од деловните простори на Контролорот.

Пристап до алтернативната локација каде се чува преносниот мемориски уред има само администраторот, при што уредот се чува затворен во сеф со безбедносна брава и кој е обезбеден од физички влијанија (пожар, поплава, земјотрес и сл.).

Заради примена на безбедносните критериуми пропишани со документацијата за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, сигурносните копии што е предвидено да се прават согласно одредбите од овој член, се чуваат надвор од деловните простории на Контролорот во сеф.

**Член 6**

При повторно враќање на зачуваните лични податоци, се врши евидентирање на Корисникот кој е овластен за таквото враќање на податоците, како и се евидентира датумот на враќањето на податоците и категоријата на податоци што се враќа.

**Член 7**

Овие правила влегуваат во сила со денот на нивното донесување.

Министер,

Abdilaqim Ademi

_______________ 2014 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ